ПРИЛОГ XV
РЕЗИМЕ БЕЗ ТЕХНИЧКИ ДЕТАЛИ

Активност: Живинарска фарма ГОЛДЕН ЕГ Скопје

ИСКЗ Оператор: Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје

Скопје, 2026 година

СОДРЖИНА

1. РЕЗИМЕ БЕЗ ТЕХНИЧКИ ДЕТАЛИ 3

1.1 | Локација на проектот 3
1.2 | Влијанија врз животната средина 4
1.3 | Мерки за намалување на влијанијата 4
1.4 | Програма за мониторинг 4
1.5 | Програма за подобрување 4
1.6 | Оцена на влијанието врз животната средина 4
1.7 | Заклучок 4

1. РЕЗИМЕ БЕЗ ТЕХНИЧКИ ДЕТАЛИ

Согласно член 95 од Законот за животна средина, активностите на новите инсталации или значителните промени на постоечките, подлежат на регулирање на својата работа во рамки на интегрирана еколошка дозвола, т.е. системот на интегрирано спречување и конрола на загадувањето (ИСКЗ). Инсталацијата за одгледување на кокошки несилки на операторот друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје се наоѓа во прилог 2 од Уредбата за ИСКЗ[1] и како постоечка ИСКЗ инсталација е должна, да поднесе барање за добивање на Б интегрирана еколошка дозвола. Надлежен орган за издавање на оваа дозвола е општина Бутел, односно Градоначалникот на општина Бутел.

ИСКЗ е систем на заштита на животната средина како целина, од можните штетни влијанија на одредени активности. Основна цел на ИСКЗ е спречување на загадувањето на животната средина, а онаму каде тоа не е можно да ги намали емисиите во воздух, вода и почва, како и останатите штетни влијанија врз животната средина и здравјето на човекот, на прифатливо ниво во сите фази на дејноста (од проектирањето, преку изградбата, експлоатацијата, сé до отстранувањето на евентуалните штетни влијанија во случај на престанок на активноста).

Согласно обврските, операторот подготви и доставува до надлежниот орган, барање за добивање на Б интегрирана еколошка дозвола.

Процедурата за издавање на оваа еколошка дозвола се состои од неколку чекори:

- Поднесување на барање за Б интегрирана еколошка дозвола,
- Консултации на надлежниот орган со операторот и учесниците во постапката,
- Известување за комплетност на барањето, односно евентуално негово дополнување,
- Известување на јавноста и објава на барањето,
- Разгледување на барањето од страна на надлежниот орган и подготовка на нацрт Б интегрирана дозвола,
- Комплетирање на текстот на дозволата согласно преговорите и доставените коментари од засегнатата и заинтересираната јавност,
- Издавање на Б интегрирана еколошка дозвола.

Барањето за Б интегрирана еколошка дозвола е изготвена од страна на друштвото за консалтинг за животна средина МАНЕКО Солушнс ДООЕЛ Скопје. Барањето е во согласност со барањата на македонската регулатива за ИСКЗ, соодветните национални упатства за подготовка на ИСКЗ барање и други најдобри пракси од оваа проблематика.

Опис на активноста

Барањето за Б интегрирана еколошка дозвола се однесува на постоечка активност - Инсталации за интензивно живинарство или за свињарство со капацитет од а) 5 000 до 40 000 места за живина - Точка 6.6. (а) од Прилог 2 од ИСКЗ Уредбата[2].

Операторот на активноста врши одгледување на кокошки несилки во целосно опремена фарма за кокошки.

1.1 | ЛОКАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ

Живинарската фарма ГОЛДЕН ЕГ се наоѓа во индустриската зона Визбегово, на територија на општина Бутел, на КП 95/3 и КП 102/1, КО Визбегово.

[1] Уредба за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план (Сл.весник бр. 89/05)

[2] Уредба за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план (Сл.весник на РМ бр. 89/05)

Локалитетот е на надморска висина од околу 297 m, заземајќи површина од 3002 m² на КП 102/1 и 1024 m² на КП 95/3, односно вкупна површина од 4026 m².

1.2 | Влијанија врз животната средина

Работата на инсталацијата резултира со одредени влијанија карактеристични за ваков тип активности. Влијанијата се состојат од емисии во воздухот, создавање на отпад, отпадни води и бучава.

1.3 | Мерки за намалување на влијанијата

Со цел спречување и контрола на влијанијата, во функција се одредени мерки што се однесуваат на поедини прашања од животната средина, поради што е подготвена Програма за подобрување со повеќе активности.

1.4 | Програма за мониторинг

Како оператор на постројка која има одредено влијание врз животната средина, операторот има обврска за вршење мониторинг над емисиите и имисиите во животната средина, а во согласност со условите во интегрираната еколошка дозвола. Со цел следење на влијанијата од постројката, во прилог XI е даден предлог мониторинг план што вклучува неколку активности за следење на влијанијата од постројката и квалитетот на животната средина (емисии и имисии). Предлог мониторинг планот се однесува на следење на амбиентална бучава на две мониторинг точки и емисиите на прашина и амонијак во воздухот, на три мониторинг точки.

1.5 | Програма за подобрување

Со цел усогласување со сите стандарди на животната средина и постигнување на висок степен на заштита, операторот на активноста изработи Програма за подобрување. Програмата вклучува низа активности кои ќе бидат имлементирани од страна на операторот во текот на својата работа со цел контрола на влијанијата и комплетна усогласеност со законодавството за животна средина.

1.6 | Оцена на влијанието врз животната средина

Согласно барањата утврдени во Законот за животната средина и релевантната подзаконска регулатива, изработено е барање за добивање на Б интегрирана еколошка дозвола за фарма за одгледување на кокошки несилки во општина Бутел на операторот друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје. Главните резултати од оцената на влијанието врз животната средина се приложени во продолжение. Согласно резултатите на анализите, онаму каде е потребно, ќе бидат превземени мерки за намалување на влијанијата и одржливо управување со животната средина, сложени во форма на програма за подобрување.

1.7 | Заклучок

Имајќи ги во предвид резултатите од анализата на потенцијалните влијанија врз животната средина и принципите на одржливиот развој, оперативноста на фармата за кокошки несилки на операторот друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје е оправдана, бидејќи:

- ✓ Аспектите на животната средина поврзани со оперативноста на инсталацијата се целосно утврдени и земени во предвид.
- ✓ Проценатa на влијанијата врз животната средина е базирана на најдобро достапни информации.
- ✓ Инсталацијата е лоцирана на соодветна локација, односно во индустриска зона.
- ✓ Идентификуваните потенцијални влијанија можат да бидат елиминирани или намалени и, според тоа, предложената инсталација не претставува закана за сериозна или неповратна штета врз животната средина.

- ✓ Инсталација не предизвикува негативни влијанија на еколошкиот интегритет на подрачјето.

Во текот на изработување на ова барање не беа утврдени значајни негативни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето. Идентификуваните влијанија спаѓаат во стандардни влијанија и можат да бидат избегнати или намалени преку спроведување на соодветни мерки и контрола.

Со цел унапредување на заштитата на животната средина, постигнување повисоки еколошки перформанси, целосна и редовна усогласеност со сите постоечки стандарди за квалитет на животната средина и гранични вредности на емисија, операторот на активноста друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје ќе спроведе низа активноста во рамки на Програмата за подобрување.

KPAJ